09-1417/12
29-12-2023

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 4 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 97 - та седница, одржана на 27.12.2023 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Постапката по предметот бр.09-1417/1 од 10.03.2023 година, оформен по поднесена пријава против ---- - административен службеник, раководител на сектор во Министерството за ------, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека наводите од пријавата се потврдуваат, констатирана е повреда на одредбите од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси и откако не беше прифатена постапката за порамнување, поведена е прекршочна постапка пред прекршочен орган.

Во врска со наводите од пријавата за вработување на блиски лица во Здружението ---------, ДКСК утврди дека согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема надлежност за постапување и истите **СЕ ОТФРЛААТ**.

Одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на познат подносител, на ден 10.03.2023 година, поднесена е пријава против -----раководител на Секторот за ---- при Министерството за ---- која со Решение донесено од страна на Министерот за ----, се овластува за вршење надзор над актите и работењето на Здружението за -------.

Според наводите овластеното лице ---------- е сестра на лице вработено во финансискиот оддел на Здружението, која учествувала во подготовка на актот кој бил предмет на вршење надзор од страна на Министерството за -------.

Исто така, според негови неофицијални информации, во Здружението ------- се вработени повеќе блиски лица, поради што во ова Здружение владее непотизам.

Согласно член 23 став 1 од Законот за спречување и судирот на интереси, заради утврдување на фактичката состојба и потврдување на наводите од пријавата, ДКСК пристапи кон прибирање податоци и информации, по што го утврди следното:

Министерот за ---------- постапувајќи по доставено барање на мислење од Владата на Република Северна Македонија во врска со ---------- година доставен од страна на Здружението ------------, со Решение бр.УП 1 53-65 од 31.10.2022 година,

формирал Комисија со овластување за вршење надзор. Согласно донесеното решение, член на оваа Комисија е ----раководител на сектор во Министерството за ----.

За извршениот надзор над работењето на -----, Комисијата составила Записник бр.УП 1 53-65 од 30.11.2022 година и притоа не се констатирани неправилности, но се дадени препораки да се преработи ------ и да се појаснат основите за прибирање на надоместоци и за наплата на провизија согласно склучените сервисни договори. По записникот не е донесено Решение, бидејќи не се констатирани неправилности.

Според доставениот одговор од Министерството за ----, ----- постапиле по препораките и до Владата доставиле преработен -----, а Министерството за ---- за преземените активности ја известила Владата.

Во врска со сомнежите за постоење судир на интереси кај службеното лице -----, ДКСК презеде дејствија за утврдување на фактичката состојба и од именуваната обезбеди изјава дека -----, вработена во Здружението ----- е нејзина сестра.

Согласно член 7 став (2) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси

*,,Под поимот ,,блиски лица,, се подразбираат лицата во брачна или вонбрачна заедница со службеното лице, роднини по крв во права линија и во странична линија до четврт степен, роднините по сватовство до втор степен, како и секое физичко лице или правно лице со кое службеното лице има финансиски интерес.,,*

Оттука, се констатира дека -----, е блиско лице на --------.

Исто така, во насока на проверка на наводите од пријавата и правилно утврдување на фактичката состојба, ДКСК побара одговор дали предмет на надзор биле акти и извештаи кои биле изготвени или при нивното изготвување, учествувало лицето -----, по што добиен е одговор дека изготвувањето на финансиските акти и извештаи во ------ е инкорпорирано во работните задачи на работната позиција ,,шеф на финансов сектор,,, додека пак лицето ------ е вработено на позицијата ,,финансов работник,, во -------. Понатаму се појаснува дека нејзин делокруг на работа е: водење на фактурни книги за корисниците ---- и за влезни фактури, водење на евиденција на -----, водење на евиденција на основните средства за работа,вршење пресметка и исплата на -----, водење, контролирање и подготовка за книжење на благајната.

ДКСК изврши анализа на добиените одговори и ги ценеше релевантните околности и тоа: предметот на надзор на комисијата, околноста дека ----- во конкретниот случај е субјект на надзорот, како и дека вработената ----- е сестра на -------, по што ДКСК недвосмислено констатира дека наведеното претставува околност што може да влијае врз непристрасното вршење на службените должности и овластувања дадени со Решение бр.УП1 53-65 од 31.10.2022 година, со кое министерот за ------ ја овластил ------ да врши надзор над актите и на работењето на Здружението.

Согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси:

Член 2 став (3)

*,,Под судир на интереси се подразбира состојба во која службеното лице има приватен интерес што влијае или може да влијае врз непристрасното вршење на неговите јавни овластувања или службени должности.,,*

Член 75 став (1):

*,,Кога службеното лице ќе дознае за околности што укажуваат на постоење на судир на интереси или на потенцијален судир на интереси, е должно веднаш да побара да биде изземено и да запре со своето постапување.,,*

Оттука, ДКСК констатира дека ----- не ги преземала сите неопходни мерки да го спречи влијанието на приватниот интерес. Имено, како раководител на сектор го одобрила решението со кое се дава овластување за вршење надзор на -------- и не побарала да биде изземена, па продолжила со постапувањето, учествувала при вршење на надзорот и се потпишала на Записникот број уп1 53-65 од 30.11.2022 година.

ДКСК констатира дека со ова сторена е повреда на член 75 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, што е казниво со член 107 став 1 алинеја 2 од истиот закон, по што беше понудена постапка за порамнување со издавање на прекршочен платен налог, што од страна на именуваната не беше прифатено.

Од овие причини согласно член 114 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и член 58 став 1 и член 83 став 2 од Законот за прекршоците (,,Службен весник на Република Македонија,, бр.96/19) ДКСК поднесе барање за поведување на прекршочна постапка и оваа постапка пред Прекршочната комисија не е правосилно завршена.

Во врска со наводите за вработувања на повеќе блиски лица во ------, ДКСК одлучи дека нема надлежност да постапува, од причини што ова правно лице е организација што се заснова на доброволно членување, а согласно член 132 став (1) Законот за ---, ---- го врши правно лице основано од носители на правата, а организацијата работи со непрофитна цел.

Заради наведеното, ДКСК нема надлежност да постапува за наводите од пријавата кои се однесуваат на непотизам во Здружението.

Имајќи ја предвид утврдената фактичка состојба ДКСК одлучи како во диспозитивот.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик претседател,**
**Софка Пејовска Дојчиновска**

По заклучок од седница на ДКСК,
Изготвил:Д.Д, советник
Контролирал:К.З., раководител
Одобрил: м-р Г.Т., член на ДКСК